

# ГАРСКИ

**ПРОФ. АТАНАСОВСКИ ТАНЕ - ГАРСКИ** Виш Кустос дипл. Сликар, Историчар, на уметност и археолог:
Роден е во село Гари на 24 мај 1938 год. Завршил Школа за применета уметност во Скопје 1958 г. во класата на Лазар Личеноски, Педагошка Академија 1964 во класата на Вангел Коџоман и Филозовски Факултет група историја на уметност со археологија во Скопје 1977. Студиски патувања имал во Италија, Грција и Германија. Член е на ДЛУК, ДЛУМ и на Друштвото на Историчарите на уметност на РМ.

**САМОСТОЈНИ ИЗЛОЖБИ:** 1962, 1964, 1966, 1969, 1973, 1978, 1983, 1988, 1991, 1993, 1994, 1995 и 1998 во Куманово, 1970 во Пула и Битола, 1972 во Скопје, Лесковац и Врање, 1973 во Скопје, 1974 во Пазин, 1979 во Крушевац и Вараждин, 1980 во Штип и Струмица, 1981 во Лесковац и Врање, 1982 во Битола, Струга, Охрид и Скопје, 1983 во Тетово, 1986 во Крагујевац, 1988 во Загорје об Сави, Битола и Штип, 1991 во Струмица(2) и Скопје, 1993 во Скопје, 1995 во Припеп, Битола, Охрид и Скопје.

**ГРУПНИ ИЗЛОЖБИ:** Од 1958 г. на сите ИЗЛОЖБИ на ДЛУК Од 1968, на сите изложби на ДЛУМ организирани во Скопје. 1973 г. Риека "Биенале на младите" 1974 г. Нови Сад "12 Македонски Сликари". Учествувал повеќе пати на ИЗЛОЖБАТА "ЦРТЕЖ - ДЛУМ" како и на изложбите од ЛИКОВНИТЕ КОЛОНИИ: ПРОХОР ПЧИНСКИ, КОПАШНИЦА, ДЕЛИБЛАТСКИ ПЕСОК, МЕЃУНАРОДНАТА СТРУМИЧКА ЛИКОВНА КОЛОНИЈА, ИЗЛАКЕ, ЉУТОМЕР, БЕЛЧИШТЕ, ПАЗИН, ПРИЛЕП, КАЗАНЛК - БУГАРИЈА, СОКО БАЊА, ВРЊАЧКА БАЊА, СИЈАРИСКА БАЊА и др. колонии и групни претставувања.

**НАГРАДИ**: 1969 Ноемвриска награда за сликарство на град Куманово, 1979, 1972, 1976 г. ГОДИШНИ НАГРАДИ НА ДЛУК, 1974 Признание за формирање на работа на ДЛУК и ПРИЗНАНИЕ ЗА ОСНОВОПОЛОЖНИК НА СЛИКАРСКАТА КОЛОНИЈА "ПРОХОР ПЧИНСКИ" - ПРИЗНАНИЕ ЗА ОСНОВОПОЛОЖНИК НА УМЕТНИЧКА КОЛОНИЈА "БЕЛЧИШТЕ" и ЛИКОВНА КОЛОНИЈА ВО ВЕЛЕС 1996 - ПРОГЛАСЕН ЗА ЗНАМЕНИТА ЛИЧНОСТ ОД АМЕРИКАНСКИ БИОГРАФСКИ ИНСТИТУТ- ДОБИТНИК НА ЗЛАТНА ПЛОЧА ОД АБИ - ДОБИТНИК НА ЗЛАТНА ПЛОЧА од градот КАЗАНЛК - Р.БУГАРИЈА ЗА ИСТАКНАТ УМЕТНИК.

**СЛИКИТЕ НА ГАРСКИ;** се наоѓаат во повеќе музеи и галерии во земјава и надвор од неа.

**ГАРСКИ;** е внесен во повеќе монографски каталози на музеите и галериите; МСУ - Скопје, Штип, Битола, Прилеп, Вараждин, Крушевац, Музејот во Ерменија, и Његошев Музеј - Цетиње исто така во Југословенска ликовна енциклопедија и др. Публикации.

**АДРЕСА:**
Киро Антевски бр. 8 Куманово
тел. 031/ 413 - 036

Сликарството на Гарски е најчесто насочено кон апстрактниот експресионизам (од типот на припадниците на групата “Кобра” од Белгија, Холандија, и Данска, а во некои дела и од оној американскиот уметник Џексон Полок): енергични, разбранувани потези што го завршуваат движењето некаде во просторот. Пошироките намази се “корегирани” со поситни линеарни досликувања. Во поновите слики тој експресионизам се претопува во психоделичко сликарство (“Немир”): намазите се широки, формите расплинати, растегнати, пихтиести и деформирани, графизмите сведени на минимум.

Соња Абаџиева Димитрова

... Ова непосредно дејствување на колористичкиот фактор, креативниот дух и пластичната иновација, го ослободува набљудувачот од проблемите на значењето на делото, од барањето на вербалниот, односно текстуалниот симбол. Набљудувачот го доживува и открива делото како момент на својата интима или како мотив на неговата потсвест, т.е. Имагинација.

На крајот би сакал да го истакнам уметничкиот неверојатен творечки занес, истрајност и снага со кои му се спротивставува на притисокот на провинцијата, односно на провинциските сфаќања за модерната уметност. Овој очигледен хендикеп, Гарски го трансформира во искрен став спрема сликарството, апсолутно ослободен од авторска завидност, нудејќи ни ја свежината на својот ликовен израз.

Богдан Мусовиќ
историчар на уметноста

01. Бранување
02. Треперење
03. Извор
04. Спомени
05. Зајдисонце
06. Траги
07. Разденување
08. Топлина
09. Раѓање
10. Тегоби
11. Немир
12. Продор
13. Саканиот Предел
14. Буење
15. Незаборавно
16. Медитањија
17. Огледување I
18. Движење
19. Асоцијација
20. Остатоци
21. Светлина
22. Пресек
23. Видување
24. Светлосен Пат
25. Радост
26. Секојдневие
27. Запис
28. Порака
29. Изгрев
30. Утро
31. Сеќавање
32. Будење
33. Огледување II
34. Познат Предел
35. Средба
36. Копнеж
37. Безгласие
38. Потрага
39. Минато
40. Опомена

СЛИКИТЕ СЕ МАСЛО НА ПЛАТНО
СО ДИМЕНЗИИ 80x60 см. и 60x60 см.
СЛИКАНИ ВО 2003 год.



44<sup>ТА</sup> САМОСТОЈНА ИЗЛОЖБА
УМЕНИЧКА ГАЛЕРИЈА
КУМАНОВО
МАЈ 2003

ИЗЛОЖБАТА ЈА ПОМОГНАА
- ДИЕР КУМАНОВО
- Д.О.О. ЦВЕТКОВИЌ



2003

The European Year of People with Disabilities

порака

Републички центар
за помош на лица со
ментален хендикеп

Тестирајте ја вашата
ЧОВЕЧНОСТ

*Решение на тестот:*
Побарајте го одговорот во вашата совест.
Одлуката е ваша!

***Не***

***тестирајте ја***

***само вашата***

***интелигенција***

# Тестирајте ја вашата ЧОВЕЧНОСТ

IDEA Plus DDB
imagePR

Министерство за труд и социјална политика
Министерство за образование
EURO LINIJA

Кампања за поддршка на лица
со интелектуална попреченост